*ВЕТЕРИНАРНА КОМОРА НА Р.СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*
*DHOMA E VETERINERËVE TË MAQEDONISË SE VERUIT*
*VETERINARY CHAMBER OF REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA*
**ул.16 Македонска Бригада бр. 2-3 Скопје, тел. 02 60 92592**
**ul.16 Makedonska Brigada br.2-3 Skopje, tel. +389 02 60 92592**

Врз основа на член 75 од Статутот на Ветеринарната комора на Република Северна Македонија, Собранието на Ветеринарната комора на Република Северна Македонија на 31.03.2023 година во Скопје, го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК ЗА СОЛИДАРЕН ФОНД НА ВЕТЕРИНАРНАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат изворите на средствата на Солидарниот фонд на Ветеринарната комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Фондот), начинот на издвојување, намената и управување со средствата, корисниците, основите за користење на средствата, постапката за остварување на правата и други прашања поврзани со функционирањето на Фондот.

За се што не е предвидено со овој Правилник, важат соодветните одредби од Статутот и другите општи акти на Ветеринарната комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комората).

## II. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

### Член 2

Фондот се финансира од следните извори:

- од членарина на членовите на Комората;
- од спонзорство и донаторство;
- од дополнителни прилози и подароци на правни и физички лица и
- од други извори.

### Член 3

Дел од членарината на членовите на Комората, во висина од 15 % се издвојува за Фондот.

Средствата во утврдениот процент, се издвојуваат на посебна сметка на Комората.

### Член 4

Средствата од Фондот коишто нема да се искористат во текот на годината, се пренесуваат во Фондот за наредната година.

Доколку износот на средства на сметката на Фондот значително се зголеми, со одлука на Собрание на Комората може да се изврши нивна пренамена, за други потреби на Комората.

## III. КОРИСНИЦИ НА ФОНДОТ

**Член 5**

Корисници на Фондот се членовите на Комората кои редовно плаќаат годишна членарина, како и членовите на нивните потесни семејства.

Како членови на потесно семејство во смисла на претходниот став се сметаат: брачен другар и деца до 26 годишна возраст.

## IV. ОСНОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ФОНДОТ

**Член 6**

Членовите на Комората имаат право на користење на средствата од Фондот по следните основи:

1. еднократна парична помош за подолготрајно боледување и трајно телесно оштетување;
2. еднократна парична помош за смрт на член на Комората;
3. еднократна парична помош за потешки последици од елементарни непогоди и
4. еднократна парична помош за лекување во земјата и странство за член на Комората.

### 1. Еднократна парична помош за подолготрајно боледување и трајно телесно оштетување

**Член 7**

Еднократна парична помош по основ на непрекинато боледување се стекнува во случај кога членот на Комората е спречен да работи повеќе од 90 календарски денови и доколку неговата плата се намалила за време на траењето на отсуството од работа.

Висината на еднократната парична помош од став 1 на овој член е во ист износ колку што помалку му е исплатено на членот на Комората за време на спреченоста за работа поради болест.

Исплатата на еднократната парична помош се врши откако членот ќе поднесе барање за исплата на паричната помош во рок од 30 дена по заклучувањето на боледувањето, со писмени докази за висината на помалку исплатената плата поради спреченоста за работа и отсуството поради болест.

**Член 8**

Во случај членот на Комората, поради несреќа во текот на работата, или за време на доаѓање на работа, или при враќање назад до местото на живеење, претрпи телесно оштетување до 70%, има право на еднократна парична помош во висина до 70% од просечната плата исплатена во Република Северна Македонија во претходниот месец според Државниот завод за статистика.

Во случај членот на Комората, поради несреќа при работа или при доаѓање на работа и враќање до местото на живеење, претрпи телесно оштетување до 100%, има право на еднократна парична помош во висина од просечната плата исплатена во Република Северна Македонија во претходниот месец според Државниот завод за статистика.

Исплатата на еднократната парична помош се врши откако членот ќе поднесе барање за исплата на паричната помош во рок од 30 дена по заклучувањето на боледувањето, со писмени докази за степенот на телесното оштетување.

Исплатата на еднократната парична помош од член 7 и 8 од овој Правилник, зависи од средствата со кои располага Фондот во време на поднесеното барање.

**2. Еднократна парична помош за смрт на член на Комората**

**Член 9**

Во случај на смрт на член на Комората, семејството на починатиот има право на еднократна парична помош во висина од една просечна плата исплатена во Република Северна Македонија во претходниот месец според Државниот завод за статистика.

Барањето за парична помош со приложените докази за настанатата смрт, се доставува во рок од 30 дена од настанот.

Исплатата на паричната помош зависи од средствата со кои располага Фондот во време на поднесеното барање.

**3. Еднократна парична помош за потешки последици од елементарни непогоди**

**Член 10**

Во случај членот на Комората да претрпи потешки последици од елементарни непогоди (поплава, земјотрес, пожар и друго) на објект во којшто живее тој и неговото семејство, има право на парична помош во висина од најмногу две просечни плати исплатени во Република Северна Македонија во претходниот месец според Државниот завод за статистика.

Во случаите од став 1 на овој член, паричната помош за претрпена штета се одобрува врз основа на писмени докази и други документи издадени од соодветен орган. Во која висина ќе се исплатува паричната помош во овој случај одлучува Извршниот одбор на Комората, за секој случај поединечно.

Барањето за парична помош со приложените докази, се доставува во рок од 60 дена од настанувањето на елементарната непогода.

Исплатата на паричната помош зависи од средствата со кои располага Фондот во време на поднесеното барање.

**4. Еднократна парична помош за лекување во земјава или во странство за член на Комората**

**Член 11**

Во случај на потешка болест, набавка на лекарства, помагала и слично, коишто се потребни за лекување во земјата или во странство, членот на Комората или сопруг/а и неговите деца има право на парична помош.

Во случаите од став 1 на овој член, кога на членот на Комората или сопруг/а и неговите деца му е одобрено лекување во земјава или во странство, со решение издадено од Фондот за здравство при Министерството за здравство, правото на парична помош се остварува само на делот којшто тој самиот го партиципирал за лекување во странство, но не повеќе од две просечни плати исплатени во Република Северна Македонија во претходниот месец според Државниот завод за статистика.

Барањето за исплата на паричната помош во случаите од овој член се доставува со писмена документација којашто се однесува на упатување за лекување на членот или сопруг/а и неговите деца во странство, како и за висината на средствата коишто самиот ги партиципирал за тоа лекување.

Исплатата на паричната помош зависи од средствата со кои располага Фондот во време на поднесеното барање.

## V. ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМОРАТА

**Член 12**

Членовите на Комората, за користење на некое право утврдено со овој Правилник, поднесуваат барање до Извршниот одбор на Комората.

За барањето од став 1 на овој член, одлучува Извршниот одбор на Комората.

Барањата доставени од членови кои редовно не плаќаат годишна членарина, нема да бидат разгледувани од Извршниот одбор.

**Член 13**

За исклучителни случаи коишто не се предвидени во овој Правилник, Извршниот одбор одлучува за еднократна парична помош којашто не е повисока од една просечна плата исплатена во Република Северна Македонија во претходниот месец според Државниот завод за статистика.

**Член 14**

Административно-техничките работи за Фондот ги врши стручно-административната служба на Комората.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 15**

Членот 3 од овој правилник, ќе започне да се применува од 01.01.2024 година.

**Член 16**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**ВЕТЕРИНАРНА КОМОРА НА РСМ**
д-р Жарко Михајлоски

Бр. 02-89/11
31.03.2023 година
Скопје